Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Скопје/Shkup, 9 ноември 2021 година/viti
Бр./Nr.: 40-10870/1

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

С К О П Ј Е

Во прилог за извршувањеви се доставува Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, донесено од Владата на Република Северна Македонија, под бр.40-10870/1 од 9 ноември 2021 година.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

SEKRETARI I PËRGJITHSHËM I QEVERISË SË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Мухамед Зеќири/Muhamed Zeqiri

ПРИЛОГ: 1

ДОСТАВЕНО И ДО:
- Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

Подготвил: Владимир Лазаревски
Проверил: Зоран Брњарчевски / м-р Билјана Цоневска
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Согласен: Дејан Јакимовски



Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Sekretariati i Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden" nr 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3118022
www.vlada.mk

Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 ноември 2021 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на категорија на угостителски објект**

1. Со оваа решение се утврдува дека угостителскиот објект хотел Изгрев со седиште на ул.Вељко Влаховиќ бр. 1 Штип, ги исполнува условите за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб страната на Владата на Република Северна Македонија.

**Образложение**

ХОТЕЛ ИЗГРЕВ ДООЕЛ Штип со седиште на ул. Вељко Влаховиќ бр. 1 Штип поднесе барање бр. УП1-13-1103 од 16.9.2021 година, за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект хотел Изгрев, со седиште на ул. Вељко Влаховиќ бр. 1 Штип, за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителските објекти, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр.УП1-13-1103 од 28.9.2021 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од четврта категорија со две ѕвезди, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за сместување за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16,53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20), Владата на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на угостителските објекти за сместување.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.

**ПРАВНА ПОУКА**:Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

**Бр. 40-10870/1**
**9 ноември 2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**